# Страшно невреме во Крилатица, однесен мост, уништени овоштарници од град

Напишано од Оливер Арсовски
Недела, 16 Август 2020 11:52 - Последно освежено Недела, 16 Август 2020 11:55

Невремето што синоќа го зафати Кратово и околните села направи огромни финансиски штети, за што сведочат фотографиите кои денес ги добивме од жителите на селата Крилатица и Трновац. Надојдената Крива Река го однела мостот во маалата Лазинци, а според информациите од терен отсеени се десетина куќи и фамилии со мали деца. Градот што паѓал со големина на орев комплетно го уништил родот на овоштарниците со јаболка и крушки, а огромна штета имало и во лозјата. Впрочем, сликите од терен говорат низ каква голгота минале жителите на Крилатица.
фото - Виктор Георгиевски





